

Флаерот е изработен од страна на Здружението за екологија и заштита на животната средина „Еко Тим Исток“ – Кочани

www.ekotimistok.mk

Финансиски е поддржан од:
„Еко – текс Груп“ ДОО Скопје

Кочани, Ноември 2025 година

# ТЕКСТИЛЕН ОТПАД

## ТИ ИМАШ МОЌ ДА НАПРАВИШ ПРОМЕНА

Спречи го текстилниот отпад да ја загадува нашата околина



# ШТО Е ТЕКСТИЛЕН ОТПАД?

Текстилен отпад се: облека, обувки, крпи, чаршафи, завеси, покривки, торби и други текстилни производи кои не се во употреба.

## Зошто е важно правилно да се одлага?

- Текстилот зафаќа огромен простор на депониите
- Се распаѓа многу бавно
- Ако не се третира правилно – ја загадува природата
- Може да се реупотреби или рециклира



## Што можеш да направиш ТИ?

1. **НАМАЛИ**
   Купувај помалку, купувај одговорно и одбери квалитет.
2. **ПОВТОРНО КОРИСТИ**
   Подари облека на некого кому му е потребна или разменувај со пријатели.
3. **ПОПРАВИ**
   Продолжи го животот на облеката преку поправка или преправка.
4. **РЕЦИКЛИРАЈ**
   Одложи го текстилниот отпад во предвидените места за собирање.

## Кај да го одложиш текстилниот отпад?

- Во специјални контејнери за текстил
- Во центри за селекција и рециклирање
- Преку организации за донација

## Запомни:

Една маица, еден пар панталони или еден пешкир – ако ги одложиш правилно, правиш голем чекор за почиста животна средина и подобра иднина.



**РЕЦИКЛИРАЈ.**

**ПОВТОРНО КОРИСТИ.**

**ЗАШТИТИ ЈА ПЛАНЕТАТА.**